**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ УСТАВНО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1102-201/10 од 3.11.2016 година донесена на 141. седница на Наставно-научниот совет на Правен факултет, одржана на 1.11.2016 година, формирана е Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област уставно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип. Рецензентската комисија е составена од следните членови:

- проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (претседател),
- проф. д-р Јован Ананиев, редовен професор и декан на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип (член),
- доц. д-р Јелена Трајковска, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (член).

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 23 септември 2016 година. Во предвидениот рок се пријави д-р Јасмина Димитриева (Димитриева-Најданова), консултант по право и човекови права и претседател на Невладината организација „Зоја” и ги приложи следните документи:

- Диплома за завршен Правен факултет;
- Диплома за стекнато звање магистер по правни науки со превод;
- Диплома за стекнато звање доктор по правни науки со превод;
- Решение на МОН за нострификација на магистратурата;
- Решение на МОН за нострификација на докторатот;
- Еквиваленција на оценките Централноевропски универзитет;
- Уверение за положени испити на Правен факултет – Скопје;
- Уверение за положени испити на Централноевропски универзитет;
- Кратка биографија;
- Список на објавени научни и стручни трудови;
- Приложени трудови во хард копија и на УСБ;
- Потврда за служење со англиски јазик;
- Две препорака;
- Препорака од Европскиот суд за човекови права (претходен работодавач);
- Примерок од докторскиот и магистерскиот труд;
- Уверение за државјанство.

Врз основа на пријавата и приложената документација и нивното разгледување, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Правниот факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Јасмина Димитриева** е родена на 19 февруари 1970 година, во Скопје. Средно образование завршива во Скопје во Гимназија „Јосип Броз-Тито” во 1988 година. Со високо образование се стекнува на Правниот факултет, Правосудна насока, во Скопје на 28 октомври 1992 година. Студиите ги завршува со просечен успех 8, 37.

Во учебната 1993 година се запишува на втор циклус (магистерски) студии на Централноевропскиот универзитет во Будимпешта, Унгарија. Студиите ги завршува на 20 јули 1995 година, со просечен успех 9, 23, со магистарски труд на тема „Компаративен

преглед на антимонополската регулатива во САД, ЕУ и Македонија”. Дипломата е нострифицирана од МОН на 4 јули 2008 година, Одлука бр. 09-4772/2.

Докторската дисертација ја пријавила во март 2007 година на Правниот факултет – Љубљана, Универзитет во Љубљана, Словенија. Дисертацијата на тема „Европски стандарди во изборната област и нивна примена” ја одбранува на 7 јули 2014 година пред Комисија во состав: редовен професор д-р Мирјам Шкрк, Правен факултет - Љубљана, вонреден професор д-р Јуриј Топлак, Правен факултет -Марибор и доцент д-р Василка Санцин, ментор, Правен факултет - Љубљана. Професор д-р Матеј Ачето од Католичкиот факултет во Лисабон учествувал како коментор во подготовката на докторската дисертација. Со одбраната на дисертацијата, кандидатката се стекнува со научниот степен доктор на науки во област правни науки. Дипломата е нострифицирана од МОН на 14 јануари 2015 година, со Решение бр. УП1 бр. 15-14.

Д-р Димитриева го продлабочува своето знаење и преку учество на студиски престој, конференции и работилници, од кои би ги истакнале како позначајни: Меѓународна конференција за правото на заштита на човековата околина, Правен факултет, Словенија (2016); Европска интеграција-нови перспективи Универзитет Американски колеџ, Македонија (2015); Ефективна помош во изборите, Институт за политички меѓународни студии и Европски центар за изборна помош, Италија (2012); Француски систем на управа, Л’ЕНА, Франција (1998); Правото на ЕУ, Олд Колеџ, Обединето Кралство (стипендија на Британската амбасада) (1997).

Кандидатката активно се служи со англиски, француски и српско-хрватски јазик. Таа е член на Собранието на Меѓународниот институт за хуманитарно право во Сан Ремо, Италија.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатката за избор во звање доцент***

Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот/книга | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | *Ј.Димитриева* | *“Citizens Facing Environmental Challenges in Balkan Countries”* | *“International Environmental Law: Greening the Urban Living”, Правен факултет – Љубљана* | *2016* |
| 2 | *Ј.Димитриева* | *“Anti-monopoly Regulation in Retrospective”* | *Lumbert Academic Publishing, Германија* | 2016 |
| 3 | *Ј.Димитриева* | *„European standards in Election Field and their Implementation„* | *Lumbert Academic Publishing, Германија* | 2015 |
| 4 | *К. Чавдар, Ј. Димитриева, З. Шапуриќ* | *“European Standards and Principles in the Law on Mediation in the Republic of Macedonia in view of the European Directive 2008/52/EC on Cross Border Mediation”* | *Публикација од Меѓународната конференција “European Integration-New Prospects”, Универзитет Американски колеџ-Скопје* | 2015 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Димитриева работи како консултант по право и човекови права од декември 2014 година до денес. Таа е консултант на Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС-Скопје) и има изработено Компаративна анализа за системите за изборна заштита, Упатство за приговори и Џебен водич за Избирачките одбори за потребите на Државната изборна комисија (2016). Д-р Димитриева е ангажирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје за изработка и презентација на Водич за судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) – технички и процедурални аспекти, Водич со коментар за судската пракса на ЕСЧП и Водич со коментар за судската пракса на ЕСЧП за говор на омраза и кривични дела од омраза (2016). Во 2015 година, со поддршка на ОБСЕ, таа изработува Компаративна анализа за правата на помалите заедници и држи обуки за Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП) наменети за судиите и вработените од Уставен суд и Академијата за судии и јавни обвинители. Од 2015 година е експерт на Советот на Европа за правата на лицата лишени од слобода, во чии рамки има подготвено анализи за правата на лицата лишени од слобода и одржано две презентации наменети за Министерството за правда, членови на НВО-а и лица вработени во пенитенцијарни установи. Коавтор е и на компаративна анализа за детски права, за потребите на Здружение на родители (2016).

Во 2015 година е примена како стручњак од практиката на Универзитетот Американски колеџ, каде што во 2015/ 2016 година држи предавања, консултации и испити на магистранди од областа на казнено-процесното право-практични примери и криминалистика (по 20 часа за секој предмет). Таа има изработено практикум по казнено-процесно право и по криминалистика.

Во 2016 година, на Третата меѓународната конференција за правото на заштита на човековата околина: озеленување на урбаното живеење го презентирала својот труд насловен како“Citizens Facing Environmental Challenges in Balkan Countries” кој е објавен во книгата посветена на Конференцијата. Во 2015 година, на Меѓународната конференција за перспективите на Македонија за ЕУ интеграции го презентирала трудот “European Standards and Principles in the Law on Mediation in the Republic of Macedonia in view of the European Directive 2008/52/EC on Cross Border Mediation”, каде што се јавува и како коавтор, а трудот е објавен во публикацијата посветена на Конференцијата.

Во текот на својот работен век во Советот на Европа и Европскиот суд за човекови права во Стразбур, мисиите на ОБСЕ во Скопје и на Косово, Владата на РМ - Одделот за ЕУ интеграции, и во непрофитни организации како што се Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС) и ЦЕЕЛИ/Американска адвокатска асоцијација, една од главните работни задачи на кандидатката е држење на обуки, предавања и презентации на тема изборно право, Европската конвенција за човекови права, меѓународни човекови права, казнено-процесно право, законодавен процес илокална самоуправа.

Кандидатката има изготвено правни анализи и истражувања за Мисијата на ОБСЕ на Косово за усогласеноста на законодавството на Косово со меѓународните стандарди на теми: заштита на приватноста, слобода на движење, злосторства од омраза, безбедност на немнозинските заедници, право на собир и механизам за отчетност на полицијата (2011-2014). Исто така, има изработено истражувања за Мисијата на ОБСЕ во Скопје: Правната заштита во изборниот процес (2009), Компаративна кривична постапка (2008), Управна постапка на РМ (2006-2007), Смрт во рацете на агентите на државата (2006), Каталог на правни средства (2004), Права на лицата лишени од слобода (2003), Медицинските правила во борбата против тортурата (2003), Меѓународни изборни стандарди (2002)и Компаративен преглед на изборните нерегуларности во земјите на Совет на Европа (1998). Таа има сработено и делови од извештаи за Косово кои се поднесени до Обединети нации и до меѓународни тела за заштита на човековите права.

Кандидатката била ментор на Програмата за менторирање на правни асистенти и стажанти во Мисијата на ОБСЕ во Скопје помеѓу 2003 и 2008 година, насочена кон изготвување на правни истражувања, правна методологија и анализа на судска пракса на Европскиот суд за човекови права. Таа исто така била одговорна за организација на работата на правната служба во Мисијата на ОБСЕ во Скопје со двајца вработени и на тимовите за мониторинг на реформа на безбедносниот сектор во рамките на Мисијата на ОБСЕ на Косово во регионите на Митровица и Гњилане.

Табеларен приказ на предавања, презентации и обуки кои ги држела д-р Димитриева

| Година | Тема | Целна група |
|---|---|---|
| 016 | Презентација: Споредба на системите за заштита на изборните права | Државна изборна комисија, Правна служба на ДИК, Скопје, Македонија |
| 016 | Предавање: Криминалистика | Магистранди на Правниот факултет при Универзитетот „Американ колеџ”, Скопје, Македонија |
| 016 | Презентација: Човекови права на лица лишени од слобода – компаративна анализа | Министерство за правда на Ерменија, НВО, членови на Управа на пенитенцијарните институции, Јереван, Ерменија<br>Проект на Совет на Европа |
| 015 | Презентација: Човекови права на лица лишени од слобода – меѓународна димензија и подготовка на закон | Министерство за правда на Ерменија, НВО, членови на Управа на пенитенцијарните институции Јереван, Ерменија<br>Проект на Совет на Европа |
| 015 | Предавање: Казнено-процесно право-практични примери | Магистранди на Правниот факултет при Универзитетот „Американ колеџ”, Скопје, Македонија |
| 015 | Презентација: Заштита на правата на малцинствата | Агенција за заштита на малите заедници, членови на НВО-а, Скопје, Македонија |
| 2015 | Обука: Европска конвенција за човекови права (член 2, 3 и 5) | Судии и правната служба на Уставен суд на РМ, Скопје, Македонија |
| 2015 | Обука: Европска конвенција за човекови права (член 2, 3 и 5) | Судии, јавни обвинители, адвокати, бирото на правниот застапник пред Европски суд, Скопје, Македонија |
| 2014 | Предавање: Заштита на културното наследство | Полиција, Урошевац и Гњилане, Косово |
| 2014 | Модератор - т. маса за семејно насилство | Полиција, јавно обвинителство, адвокати, претставници на НВО-та, и на социјалните центри, Гњилане, Косово |
| 2013 | Презентација: Аспекти на човековите права во градење на капацитетите на полицијата | Студенти на меѓународниот колеџ за бизнис, Северна Митровица, Косово |
| 2011 | Обука за надлежностите на полицијата согласно со Европската конвенција за човекови права и пресек со меѓународното хуманитарно право | Членови на Мисијата на ОБСЕ на Косово, Приштина, Косово |
| 2010 | Презентација на изборни системи кои овозможуваат правична застапеност на малцинствата | Членови на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Македонија |
| 2010 | Презентација на законодавниот систем во Македонија | Членови на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Македонија |
| 2009 | Предавање: Изборите во светло на меѓународните стандарди -искуства и добра пракса- | Судии на Управен суд, Скопје, Македонија |
| 2009 | Предавање: Ефикасен правен лек | Студенти на Правниот факултет – Скопје, Македонија |
| 2009 | Предавање, Меѓународни човекови права | Студенти на Правниот факултет – Скопје, Македонија |
| 2009 | Предавање: Забрана на дискриминацијата | Студенти на Правниот факултет – Скопје, Македонија |
| 2009 | Презентација: Улогата на меѓународните инструменти во заштита на активното и пасивното избирачко право | Членови на Државна изборна комисија, Скопје, Македонија |

| | | |
|---|---|---|
| 2008 | Презентација: Унапредување на законодавството на Македонија | Состанок за хуманата димензија-ОДИХР, Варшава, Полска |
| 2007 | Презентација, Статус на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, привилегии и имунитет | Правните служби на ОБСЕ во Секретаријатот и Мисиите, Виена,Австрија |
| 2006 | Обука, Правни аспекти на менаџирањето на проекти | Членови на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Македонија |
| 2004-2005 | Ментор во рамките на менторска програма за изготвување на правни истражувања, правна методологија и судска пракса на Европскиот суд за човекови права | Правни асистенти во Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Македонија |
| 2004 | Обуки за спречување на тортура и полициско злоставување | Членови на Невладината коалиција за борба против полициско злоставување, Маврово, Македонија |
| 2003 | Обуки за кривичната постапка во Македонија и импликации на Европската конвенција за човекови права | Членови на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Македонија |
| 0003 | Изработка на случаи за проверка на стекнатото знаење за учесниците на обуката за спречување на тортура | Судии и јавни обвинители, Скопје, Македонија |
| 2002 | Предавања и помош при изработка на наставна програма и на материјали на визитинг професор од Америка за Европската конвенција за човекови права | Меѓународни студенти, Центар за миграции, Скопје, Македонија |
| 2002 | Предавање: Спречување на тортурата во воен конфликт | Меѓународни студенти, Центар за миграции, Скопје, Македонија |
| 2002 | Презентација: Новели во изборно законодавство | Вработени во Фондацијата за изборни системи (ИФЕС) и донатори, Вашингтон, УСА |
| 2002 | Обуки за новелите во изборното законодавство | Претставници на медиумите, Скопје и Тетово, Македонија |
| 2001 | Предавање: Европска конвенција за човекови права | Меѓународни студенти, Совет на Европа, Стразбур, Франција |
| 2001 | Обука: Европска конвенција за човекови права | Народен правобранител на БиХ, Стразбур, Франција |
| 2001 | Презентација: Европска конвенција за човекови права | Членови на Здружението за кривично право и криминологија, Охрид, Македонија |
| 1997 | Обука: Повелбата за локална самоуправа на Совет на Европа | Учесници на граѓанска школа, Осијек, Хрватска |
| 9997 | Презентација на Повелбата за локална самоуправа | Конгрес на локална и регионална власт, Совет на Европа, Стразбур, Франција |

Како советник за човекови права и национален правен советник за мисиите на ОБСЕ, д-р Димитриева била раководител на три национални проекти за изработка на водич за имплементација на Изборниот законик, извештај за изборните нерегуларности 2005 г. и за изработка на експертски и правни мислења за горливи изборни прашања, односно три меѓународни проекти од областа на компјутерскиот криминал, компаративен преглед на национални превентивни механизми и за сервисот за пробација на Косово, а учествувал како член во три проекти, кои се однесувале на примена на јазиците на регионално ниво во Косово, право на собир и компаративен преглед на прекршочното законодавство во бивша Југославија.

Најзначајната научноистражувачка дејност на кандидатката е претставена преку магистерскиот труд (1995) и докторската дисертација (2014). Д-р Димитриева се јавува како автор, коавтор и уредник на објавени книги и трудови дома и во странство.

ОДБРАНИ ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

*Ј.Димитриева, труд “Citizens Facing Environmental Challenges in Balkan Countries”, објавен во книгата “International Environmental Law: Greening the Urban Living”, Правен факултет – Љубљана (2016)*

Основната цел на трудот е да ја измери подготвеноста на граѓаните и НВО-ата, кои се грижат за заштита на човековата околина во Хрватска, Србија, Македонија и Косово, законски да се спротивстават на одлуките на надлежните органи кои неповолно делуваат врз заштитата на природата и ја уништуваат човековата околина во градовите. Испитувањето ги користи следниве индикатори: компатибилност на националните законодавства со меѓународните стандарди (Аархуска конвенција, Европска конвенција за човекови права, динамизам на НВО-ата (проекти, придонес кон креирањето политики, бесплатна правна помош), видови на реакција на граѓаните на проблемите на загадување и случаи против државата. Правните методи опфаќаат правна и компаративна анализа на меѓународни инструменти, на националните закони и на одлуките на управни и судски тела, прибирање на податоци од НВО-секторот и надлежните органи преку интервјуа и прашалници, како и анализа на релевантни документи. Од анализата на состојбите произлегува дека НВО секторот и граѓаните немаат доволно моќ ефективно да придонесат кон борбата против загадувањето во урбаните средини, иако членството и проспектот за членство во ЕУ игра значајна улога за поактивно вклучување на НВО секторот во креирањето на политиките, како и во заштитата на човековата околина. Трудот нуди конкретни препораки за подобрување на еколошкото законодавството од аспект на меѓународните обврски кои се преземени од државите, поддржување на улогите на НВО секторот за лобирање и мониторирање на заштитата на човековата околина, како и за поефикасни правни средства за заштита на градовите од загадување. Согледувањата од истражувањето се јасни и научно издржани.

*Ј.Димитриева, книга “Anti-monopoly Regulation in Retrospective”, Lumbert Academic Publishing, Германија (2016)*

Книгата е напишана врз основа на магистерскиот труд на кандидатката. Книгата посебно ги анализира законодавствата на САД, ЕУ и Македонија за сузбивање на монополската позиција на пазарот. Особено интересен е аспектот на анализа на водечки судски случаи во САД и ЕУ. Книгата се осврнува и на проблемите со кои се судрува Република Македонија во регулација на монополската позиција на пазарот како мала и сиромашна земја, која се обидува да оствари транзиција кон пазарна економија.

*Ј.Димитриева, книга „European standards in Election Field and their Implementation„ Lumbert Academic Publishing, Германија (2015)*

Книгата ги образложува резултатите на долгогодишното истражување на кандидатката во областа на Европските изборни стандарди, кое е базирано врз сознанијата до кои е дојдено преку полуструктурирани интервјуа со релевантни службеници од ОБСЕ, ОДИХР, Совет на Европа и УНДП, анализа на документи и извештаи и правна и компаративна анализа на законодавството на 8 држави- членки на Совет на Европа. Иновативниот аспект е содржан во прецизната дефиниција на Европските изборни стандарди кои се концептуализирани за секоја фаза од изборниот циклус. Измерена е и ефикасноста во нивната примена за селектираните држави. Книгата е рецензирана од проф. д-р Габер и д-р Ѓурчилова.

*К. Чавдар, Ј.Димитриева, З. Шапуриќ, труд “European Standards and Principles in the Law on Mediation in the Republic of Macedonia in view of the European Directive 2008/52/EC on Cross Border Mediation”, Публикација од Меѓународната конференција “European Integration-New Prospects”, Универзитет Американски колеџ-Скопје (2015)*

Трудот се осврнува на имплементацијата на релевантната ЕУ Директива во македонското законодавство. Компаративниот преглед на ЕУ државите кои ја имплементирале Директивата 2008/52/ЕС има за цел да ги прикаже мерките и начините кои се применети во овие држави, а кои би можеле да служат како пример за Република Македонија. Трудот содржи и анализа на ситуацијата со медијацијата и нејзината примена во Република Македонија, при што се идентификувани пречките, но се формулирани и препораки за поуспешна примена на медијацијата. Покрај анализа на релевантните документи и законските решенија, прибирани се податоци од страна на Министерството за правда, медијаторите и НВО секторот по пат на интервјуа.

*Ј. Димитриева, Извештај за земјата: НВО-ата и судството, активности за надзор, интеракција, соработка објавено на веб страницата на НВО Сите за правично судење (2015)*

Извештајот е изработен како дел од регионален проект за соработка и интеракција помеѓу правосудството и НВО-секторот во Македонија, Албанија и Србија, а е финансиран од страна на Вишеградската група и НВО ИНПРИС од Полска. Податоците се прибирани преку интервјуа со НВО-ата кои се заинтересирани за ефикасно, независно и професионално судство, со судии и професионални здруженија, како и од излагањата и дискусиите на учесниците на конференции и работилници посветени на ефикасноста и независноста на судството. Резултатите покажуваат пад на соработката и интеракцијата помеѓу НВО-ата и судството, кое повеќе се наоѓаат во улога на набљудувачи на судските процеси и судските органи, отколку во улога на партнер кој може да придонесе кон поефикасна судска реформа со својата стручност и умешно искористување на капацитетите. Ова е прв извештај од ваков вид за Република Македонија, а извештајот бил претставен на регионалниот состанок во Полска организиран од ИНПРИС-Полска.

*Ј.Димитриева,Докторска дисертација „Election standards and their implementation in Europe„ Правен Факултет – Љубљана[J. Dimitrieva], 2013 326 f. [COBISS.SI-ID 13843537], supervisor: SANCIN, Vasilka*

Докторската дисертација е посветена на изборните стандарди кои се елаборирани од страна на регионалните европски организации ОБСЕ, ОБСЕ/ОДИХР, ЕУ, Совет на Европа и Европскиот суд за човекови права, со осврт на универзалните изборни стандарди. Заштитата на човековите и политичките права е главната призма низ која се разгледани и анализирани изборните стандарди. Во првиот дел се дава приказ на научната мисла за демократскиот систем на владеење и различните видови на демократија, за која изборите претставуваат неодминлив елемент. Акцентот е ставен и врз поврзаноста на изборното активно и пасивно право со човековите слободи на здружување, собир, изразување, мислење, вероисповест, забраната за дискриминација иправна заштита.

Врз основа на инструментите на регионалните организации посветени на изборите, извештаите за избори изработени од набљудувачките мисии, пресудите на Европскиот суд за човекови права и компаративна анализа на изборниот закон и праксата на Македонија, Словенија, Обединетото Кралство, Белгија, Швајцарија, Франција, Украина и Азербејџан се проверени следниве хипотези:

Иако европските изборни стандарди може да се издвојат од меѓународните договори и политичките обврски елаборирани во инструментите на Совет на Европа, ОБСЕ и ЕУ, кои се посветени на изборите, овие стандарди се непрецизни со различен степен на правна вредност и содржат празнина, бидејќи ниеден изборен стандард не ја рефлектира обврската да се овозможи „значајно претставување" на различните општествени слоеви при носењето на политички одлуки.

Бидејќи слободните и правични избори, кои го рефлектираат минималистичкиот концепт на демократија, претставуваат предизвик за голем број држави европските организации со цел да ја оптимизираат изборната поддршка би требало да елаборираат единствени европски изборни стандарди, како заеднички содржател (деноминатор) кој би обезбедил правични и слободни избори и да востановат координативен изборен секретаријат во ОБСЕ со мандат да им помага на државите при спроведувањето на изборните реформи.

Покрај оригиналната концептуализација на европските изборни стандарди, научниот придонес на дисертацијата е претставен преку иновативните предлози за решение на фрагментираните изборни стандарди во Европа со цел да се оптимизира заштитата на политичките права, како и преку компаративната анализа на законот и праксата во полето на изборите на осум земји од ЕУ, Балканот и Кавказот.

Дисертацијата содржи темелен и детален приказ на изборните стандарди во предизборниот период, на денот на избори и постизборниот период на секоја од гореименуваните европски организации. Врз основа на горенаведеното, со научна методологија, понатаму е изработен единствен сет на европски изборни стандарди, кој ја претставува мерката преку која може да се измери правичноста и слободата на изборите. Единствениот сет на изборни стандарди е применет како алатка за анализа и проценка на

законодавството и праксата од областа на изборите на осумте земји членки на Совет на Европа и ОБСЕ и со тоа се обврзани да се придржуваат кон нивните изборни стандарди.

Заклучните согледувања и предлози се сеопфатни и конкретни. Дисертацијата заклучува дека и покрај обемните активности и ресурси кои се посветени на одржувањето на слободни и правични избори, изборните измами и неказнетоста се честа појава. Изборни стандарди кои се минималистички и фрагментирани не се доволни да обезбедат слободни и правични избори. Различните сетови на изборни стандарди на ОБСЕ, Совет на Европа и ЕУ меѓу себе се надополнуваат до определен степен. На пример, само стандардите на ОБСЕ бараат набљудување на изборите. Ваквиот збир на различни изборни стандарди, со различна правна сила, кои доаѓаат од различни европски организации им претставува проблем на државите, бидејќи не е целосно јасно кои се минималните изборни стандарди кои се бараат на европско ниво за изборите да бидат прогласени за „слободни и правични". Концептуализираните изборни стандарди не смеат да се намалат освен за јасни исклучоци, како што се јавната или националната безбедност, при што мора да се даде јасно образложение за причините.

Во однос на формата во која би се „отелотворил" единствениот сет на изборни стандарди, предвид се земени сите ризици за реконцептуализирање на европските изборни стандарди, вклучително и ризикот дека на тој начин би можеле да се намалат изборните стандарди. Поради тоа се предлага трилатерален договор помеѓу Совет на Европа, ЕУ и ОБСЕ во кој би биле систематизирани сите изборни стандарди кои се неопходни за спроведување на *слободни и правични избори*. Вклучување на нови изборни стандарди, како стандардот за „значајно претставување" не би бил возможен по пат на трилатерален договор, поради приговори од државите-членки, иако елементи од овој стандард постојат во закони од повеќе ЕУ земји (пример, „значајно претставување" на жените во Франција итн.).

Се предлага и востановување на специјализиран координативен секретаријат во структурата на ОБСЕ, кој би ги содржел сите извештаи, изборни реформи, закони и информации за изборните процеси во државите-членки на ОБСЕ, од кои мнозинството се членки и на Совет на Европа. На ваков начин би се овозможило континуирано следење и соодветно дизајнирање на изборната помош за секоја држава, која има потреба од тоа. Конечниот исход би водел кон прифаќање на европските изборни стандарди како дел од политичката и правната култура на земјите кои ги делат европските демократски вредности.

Дисертацијата, исто така, содржи интересни табеларни прикази врз основа на кои лесно може да се следат и проценат изборните проблемите со кои се судруваат земјите членки на ОБСЕ и на ОН, како и судските пресуди на Европскиот суд за човекови права кои се значајни за изборното право.

*Ј. Димитриева, "Principles of the European Charter of Local Self-Government", Proceedings of the SymposiumEuropean Charter of Local Self-Government and Local Self-Government in the Republic of Croatia (1998)*

Трудот дава приказ на приниципите врз кои е заснована Повелбата за локална самоуправа на Советот на Европа, како документ, *par excellence*, кој ја штити и ја промовира управата која е најблиска до граѓаните. Локалната самоуправа не би можела да функционира без политичка, административна и финансиска независнот од централните органи, а нејзиниот совет мора да биде избран на демократски избори. Потенцирани се и анализирани следните општи принципи на правото, кои се валидни за локалната самоуправа: супсидијарност, пропорционалност и правна сигурност. На крајот е даден осврт и на правната заштита која ја обезбедува Повелбата за советниците и градоначалниците. Трудот се задржува и на имплементацијата на обврските од Повелбата од страна на државите, како и на Европските механизмите за надгледување на нејзината примена.

***Одобрени за печатење:***

Ј. Димитриева, Практичен водич за примена на судска пракса на Европски суд за човекови права – технички и процедуални аспект, ОБСЕ (2016);

Ј. Димитриева, рецензент М. Лазарова-Трајковска: „Значајни пресуди на Европскиот суд за човекови права со коментар", ОБСЕ (2016);

„Џебен водич за избирачките одбори", ИФЕС (2016).

***Во фаза на одобрување:***

Ј. Димитриева, рецензент М. Лазарова-Трајковска: „Значајни одлуки на Европскиот суд за човекови права со коментар говор на омраза и кривични дела од омраза“, ОБСЕ (2016).

***Други одбрани необјавени трудови:***

Ј.Димитриева, „Упатство за приговори на Државна изборна комисија” (2016);

Ј. Димитриева, „Компаративна анализа за заштита на изборните права” ИФЕС (2016);

Ј. Димитриева, “Компаративна анализа за правата на малцинствата”ОБСЕ (2015).

Наставно-научната дејност на д-р Ј. Димитриева е посветена на толкување, ширење на идеите и имплементирање за општествените иновации, како што се модерната демократија и заштитата на човековите права, не само во Република Македонија, туку и пошироко на тлото на Европа. Нејзините наставно-научни активности и научни трудови го рефлектираат успешниот спој помеѓу теоретската мисла и нивната практична примена во областа на изборите, заштитата на човековите права и локалната самоуправа.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

Д-р Димитриева има повеќе од дваесет години работно искуство во правната област. Таа, меѓу другото, работела како советник за човекови права во Мисијата на ОБСЕ на Косово (2011-2014), Национален правен советник/раководител на Правниот оддел во Мисијата на ОБСЕ во Скопје (2004-2011), правен секретар во Европскиот суд за човекови права (1999-2002), администратор во Совет на Европа (Конгрес за локална и регионална власт) - Стразбур (1997-1999).

Д-р Димитриева има изработено повеќе од 120 правни мислења, правни анализи и оценки за компатибилноста на законски проекти во Македонија и во Косово со меѓународните стандарди од областа на изборното право, уставното право, човековите права, меѓународното право и казнено-процесното право, како на пример за следење на комуникациите, пристап кон јавни информации, видови на одговорност, одговорност на меѓународни организации, привилегии и имунитети, транспарентност и надзорни надлежности на собранието, употреба на сила и оружје, права на притворени лица, забрана на тортура, законодавен процес, учество на граѓаните во власта. Исто така, има изготвено предлог-резолуции, препораки и извештаи за ОБСЕ и Конгресот на локална и регионална власт, Совет на Европа.

Во рамките на своето искуство во примената на правото, кандидатката има изработено пресуда и голем број на одлуки и правни анализи за Европскиот суд за човекови права, кои се однесуваат на заштита на правото на живот, правата на притворените лица, заштита од тортура, право на слобода на изразување и собир, право на ефикасен правен лек, право на правично судење. Таа исто така има изработено правни мислења во врска со наводите на апликантите за повредата на Повелбата на локална самоуправа, Европската конвенција за човекови права и внатрешните правила на ОБСЕ.

Кандидатката била член на стручни комисии и работни групи при Министерствата за правда на РМ и на Косово во периодот од 2007 до 2013 година, и тоа во:

1. Комисии за изготвување на Изборниот законик (Македонија);
2. Работна група за изготвување на Законот за прекршоци (Косово);
3. Работна група за изготвување на Законот за кривична постапка (Македонија).

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Рецензентската комисија ги имаше предвид наставно-научните, стручните и просветните остварувања на кандидатката, која е афирмиран правник, а чија наставно-научно дејност е валидирана во земјава и во странство. Таа има одржано забележителен број на предавања, презентации и обуки кои припаѓаат во уставната материја, не само во Македонија, туку и во Франција, Косово, Ерменија, Хрватска, Полска, Австрија и САД. Целната група, меѓу другите, опфаќа уставни судии, додипломци и постипломци, судии, јавни обвинители и адвокати.

Кандидатката има забележителен опус на објавени книги и трудови од уставната материја на македонски и на англиски јазик, преку кои се нудат решенија за комплексни прашања од областа на изборното право и човековите права. Способноста за правна анализа на кандидатката се манифестира преку обемниот број на правни истражувања, анализи и правни мислења, кои таа ги има изработено во последните 20 години. Таа има особено забележителен придонес кон изработката на легислативата и подобрување на законодавството во земјава и во странство.

Врз основа на целокупната доставена документација и лично познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-научната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на д-р Димитриева, која ги исполнува сите законски услови да биде избрана во насловно звање доцент за наставно-научната област уставно право на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Според горенаведеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип д-р Димитриева да биде избрана во насловно звање доцент за наставно- аучната област уставно право.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Гордана Силјановска-Давкова, редовен професор**
**на Правен факултет „Јустинијан Први" при Универзитет**
**„Св. Кирил и Методиј" во Скопје, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Јован Ананиев, редовен професор и декан на**
**Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член, с.р.**
**Доц. д-р Јелена Трајковска, доцент на Правен факултет**
**„Јустинијан Први" при Универзитет „Св. Кирил и Методиј"**
**во Скопје, член, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | Број на часови | поени | број | поени | Вкупно |
| | **ВКУПНО** | | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| 1 | Монографија или научна книга | | | 2 | 15 | 30 |
| 2 | Дел од монографија или научна книга | | | 1 | 10 | 10 |
| 3 | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | | | 1 | 2 | 2 |
| 4 | Пленарно предавање на научен собир | | | 2 | 6 | 12 |
| 5 | Одбранета докторска дисертација | | | 1 | 8 | 8 |
| 6 | Одбранет магистерски труд | | | 1 | 4 | 4 |
| 7 | Студиски престој во странство | | | | 8 | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **74** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **1** | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | | | 1 | 3 | 3 |
| **2** | Пленарно предавање на стручен собир | 9 | 2 | 9 | 4 | 54 |
| **3** | Член на уредувачки одбор на стручно списание | 2 | 0,5 | | | 1 |
| **4** | Изготвување иавештаи од анализа | 1 | 0,1 | | | 0,1 |
| **5** | Елаборати и експертизи | 3 | 2 | 1 | 4 | 10 |
| **6** | Член на универзитетски или владини тела | 2 | 5 | 1 | 5 | 15 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **83,1** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **157,1** |